**20150562082**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 6 став (4) од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15 и 44/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЛИЦА АНГАЖИРАНИ СО ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица ангажирани со договор за волонтирање (во натамошниот текст: регистарот).

Член 2

Регистарот се води во писмена и електронска форма.

Регистарот се води во писмена форма во посебна тврда подврзана книга со корици во црвена боја, во А4 формат, која содржи 100 страни.

Регистарот се води на образец који е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

На предната страна на корицата на регистарот во левиот горен агол се содржани грбот и името на Република Македонија и називот „МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА”, а во средината централно поставено насловот „РЕГИСТАР НА ЛИЦА АНГАЖИРАНИ СО ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ”.

Страната на регистарот ги содржи следните рубрики: реден број; име и презиме; единствен матичен број на граѓанинот; ден, месец и година на раѓање; место, општина и држава на раѓање; адреса и место на живеење; назив и седиште на организаторот на волонтерската работа; архивски број на договор за волонтирање; вид на волонтерската работа, датум на почеток на договор за волонтирање, датум на престанок на договор за волонтирање, времетраење на договорот за волонтирање и потпис на службено лице.

Член 4

Запишувањето во регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

Секое запишување во регистарот се потпишува од страна на службеното лице што го води регистарот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-3280/1
27 март 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## РЕГИСТАР
## НА ЛИЦА АНГАЖИРАНИ СО ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

| Реден број | Име и презиме | ЕМБГ | Ден, месец и година на раѓање | Место, општина и држава на раѓање | Адреса и место на живеење | Назив и седиште на организаторот на волонтерската работа | Архивски број на договорот за волонтирање | Вид на волонтерската работа | Датум на почеток на договорот за волонтирање | Датум на престанок на договорот за волонтирање | Времетраење на договорот за волонтирање | Потпис на овластено лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Страната 1 се повторува до страна 100.